Во областите „Новаја Сербија" и „Славјаносербија" биле организирани хусарски односно коњички и пешадиски полкови, меѓу кои и Македонски, кои одиграле значајна улога во одбраната и ширењето на Руската империја, заклучува авторот.

Последното поглавје (257—288) е посветено на Македонскиот хусарски полк, кој бил формиран 1759 и егзистирал до 1773 година. Како другите, така и Македонскиот полк имал печат, грб и знаме, а исто така и одделна униформа, вели авторот. Заради храброста Македонскиот полк бил пофалуван и одликуван од царициите Елисавета Петровна и Екатерина II, а многу од војниците во него, како и во другите полкови од балканските доселеници се здобиле со високи воени чинови, при што се посочени нивните имиња.

Поради близината на јазикот и верата, продолжува натаму авторот, и поради желбата на поимотните да се изедначат со руската благородничка класа, балканските преселници, меѓу нив и македонските, брзо се претопиле во новата средина, односно се русифицирале, украинизирале а дел и молдавизирале.

Иако трудот носи наслов „Македонскиот полк во Украина", во него речиси еднакво е даден простор на миграционите движења на сите балкански народи, кои на почетокот биле насочени кон север во земјите на Австриската монархија, а потоа усмерени кон Русија односно Украина, што ќе рече дека тој има значење како за македонската, така и за историјата на другите балкански народи во посочениот период. Значењето на македонската историја е посебно, бидејќи приведените податоци сведочат за имињата и презимињата на преселниците, за нивните занимања, имотната и културната состојба, од што се гледа дека попробивните добро се вклопиле во новите средини, но за жал и брзо се однародиле.

Милка ЗДРАВЕВА

## Кузман ГЕОРГИЕВСКИ—Саша МАРКУС, МАЛИНА ПОПИВАНОВА, НИО „Студентски збор", Скопје, 1985, 153

Монографијата за Малина Попиванова, покрај истоимената монодрама на Ката Мисиркова—Руменова, претставува благородно дело насочено кон расветлување на макотрпниот животен и револуционерен пат на оваа стамена личност од нашето недамнешно минато.

Монографијава базира, главно, на мемоарски материјали и литература. Од изворната граѓа е користена кратката автобиографија и зачуваната кореспонденција на Малина Попиванова.

Без оглед на скудните, на прв поглед лимитирачки изворни податоци, авторите се обиделе, со вонредна упорност и топлина, да го реконструираат животниот мозаик на Малина Попиванова.

Книгата содржи вовед, 18 поглавја, кратко резиме, додаток (со оригиналната документација на

Малина), како и преглед на консултираните извори и литература. Освен тоа, богато е илустрирана со бројни факсимили и фотографии од фамилијарниот албум на Малина Попиванова.

Животната биографија на македонската революционерка Малина Попиванова (1902—1954 г.) распослана помеѓу Кочани (1902 г.) и Тјумен (СССР, 1954 г.), обилува со богата револуционерна актива.

Малина Попиванова се вбројува меѓу ретките македонски жени што се вклучиле во редовите на КПЈ во зората на нејзиното раѓање, а секако била прва Македонка што станала член на ЦК на КПЈ и тоа врз база на изборот извршен на IV (Дрезденски) конгрес на КПЈ (1928 г.)

Малина потекнува од позната револуционерна фамилија. Нејзиниот татко, Стефан Попиванов ќе се издигне до секретар на КПЈ за Македонија. Ќе стане и член на делегацијата на југословенската Компартија на V конгрес на Коминтерната во Москва. Подоцна, меѓу првите, него ќе го проголта мракот на Сталиновите чистки. Неговата трагична судбина, во извесна смисла, ќе ја предодреди натамошната животна патека на Малина Попиванова.

Најраното детство Малина го провела во Македонија, а детството и раната младост во Бугарија, каде нејзината фамилија емигрирала. Таму завршила основно и средно образование. Другарувала со Лена Димитрова, сестра на Георги Димитров. Тогаш Малина конечно се определила за работничкото движење.

По преселбата во Кралството СХС (1920 г.), Малина почнала да студира биологија на Белградскиот универзитет. Тогаш се зачленила во КПЈ. Во 1921 година се нашла во Скопје. Притоа се вработила во аптеката на Милан Генов. Во Скопје се пројавила како солиден синдикален, скоевски и партиски активист. Била мошне омилена во својата средина. Меѓу другото станала и член на скопскиот МК на КПЈ.

Во есента 1924 година, скопската партиска организација, поаѓајќи од перспективата на Малина на партиски план, се изјаснила за нејзино натамошно школување во СССР. Така Малина се нашла во Москва, каде во 1928 година го завршила Комунистичкиот универзитет „Свердлов". „Таа е прва Македонка што се здобила со највисокото тогашно партиско образование" (стр. 59). За одбележување е што тогаш Малина се зближила со познатата Надежда Крупска.

Во јуни 1928 година М. Попиванова илегално се вратила во Југославија при што била активирана во антифракциската борба во Далмација. Истата година се нашла на IV конгрес на КПЈ во Дрезден, меѓу 22 делегати, заедно со Кочо Рацин. Тогаш била избрана за член на ЦК на КПЈ, со што „станала прва (и единствена) Македонка која стигнала до самиот врв на својата партија — ЦК на КПЈ" (стр. 72)

По враќањето во Загреб, Малина била активирана во Централниот секретаријат за работа со жените при ЦК на КПЈ. Во есента 1929 година, по разгорените репресалии на Шестојануарската диктатура, сериозната болест (туберкулоза) ја одвела Малина, со

дозвола на ЦК КПЈ, во Москва, Оттогаш започнува вториот дел од нејзиниот макотрпен, овојпат целосно емигрантски живот во СССР. Таму дознала дека нејзиниот татко, Стефан Попиванов се нашол во рацете на НКВД. Сепак, и покрај неприликите, во почетокот Малина се вброила меѓу предавачите на југословенскиот сектор на КУНМЗ (1929—32). Во меѓувреме се омажила за Владимир Николаевич Сакун. Подоцна паднала во немилост, па се нашла во Собир. Во 1937 година била исклучена од Советската Комунистичка партија, а времето помеѓу 1937—39 г. го провела в затвор. Всушност се вброила во страдалниците на Сталиновите чистки. Од 1939 година па сè до смртта била предавач по историја во неколку средни училишта во Тјумен.

И покрај неизмерната желба не успеала да се врати во татковината и да се сретне со најблиските. Подоцна, во 60-те години во СССР Малина и Стефан Попиванов биле рехабилитирани.

Меѓутоа, горчливиот вкус на вториот дел од нејзиниот животен пат ни најмалку не може да ја засенчи кристално чистата личност на Малина Попиванова, а посебно, нејзиниот виден придонес за развојот на југословенското работничко и комунистичко движење (1920—1929 г.)

Авторите на монографијата, Кузман Георгиевски и Саша Маркус, мошне пластично го презентираат ликот на македонската револуционерка Малина Попиванова, збогатувајќи ги на тој начин сознанијата за нашето недамнешно минато. Оттаму ваквите вредни монографски дела секогаш се добредојдени во нашата јавност.

Димитар ДИМЕСКИ

## Павле МИТРЕСКИ, **СТУДЕНТСКАТА КОЛОНИЈА ВО ОХРИД (1938—1940)**, НИО „Студентски збор", Скопје, 1985, 230

Монографијата „Студентската колонија во Охрид (1938—40 г.)" што се појави во издание на НИО „Студентски збор", ги збогатува нашите сознанија за овој дел од животот и активоста на прогресивната македонска студентска младина на Белградскиот универзитет во последните години од егзистирањето на Кралството Југославија.

Книгата е базирана на необјавена архивска граѓа, необјавени и публикувани меморски материјали, периодика и литература. Содржи предговор, четири глави, резиме, библиографија, како и регистер на лични и географски имиња и поими. Последната, четврта глава всушност ги содржи следните прилози: факсимили на документи, како и мошне богата фотодокументација. Карактеристична слабост на оваа книга се бројните коректорски грешки.

Авторот во првото поглавје најпрво се осврнува на политичките прилики во Кралството Југославија во предвечерјето на Втората светска војна, се задржува на ак-